**ОПШТИНА ОХРИД**

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа „(Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 34 од Статутот на Општина Охрид, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ ЗА УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат условите, критериумите и постапката за доделување стипендии на ученици во основните училишта во Општина Охрид.

## I. Општи одредби

**Член 2**

Општина Охрид доделува стипендии на ученици кои се запишани во основните општински училишта.

Стипендиите се доделуваат за 9 (девет) месеци во текот на една учебна година.

Износот на стипендијата изнесува 2.000,00 денари.

Стипендиите се доделуваат во две категории:

1. Стипендии за талентирани ученици (од IV, V, VI, VII, VIII и IX одделение);
2. Стипендии за ученици кои живеат во потешки социјални услови (од VI, VII, VIII и IX одделение);

Стипендиите се неповратни.

### 1. Стипендии за талентирани ученици

**Член 3**

Право на стипендија имаат учениците кои се:

- жители на општина Охрид;

- редовни ученици во основните училишта во општина Охрид (од IV, V, VI, VII, VIII и IX одделение);

- да освоиле диплома за поединечно освоено I, II или III место на државни натпревари организирани од акредитирани здруженија, асоцијации, федерации или сојузи на наставници, за учебната 2023/2024 година;

- не се корисници на стипендија или кредит од други институции или компании (не се мисли на користење на финансика поддршка од Владата).

За доделување на стипендиите се утврдуваат следните општи критериуми:

- 1. **Талентираност на ученикот** доколку има освоено I, II или III место на државни натпревари организирани од акредитирани здруженија, асоцијации, федерации или сојузи на наставници, за учебната 2023/2024 година;

По овој основ може да се добијат: за освоена прва награда на државно ниво 40 бода, за освоена втора награда 30 бода, а за трета награда 20 бода.

**Начин на пријавување**

Учениците кои се пријавуваат на конкурсот, треба да го пополнат потребниот образец за пријава поставен на интернет страната www.ohrid.gov.mk или да го подигнат во пријавницата на Општина Охрид.

Со пријавата, за добивање на стипендија за талентирани ученици потребно е да се достават следните документи:

- Извод на родени на ученикот (копија);

- Копија од трансакциска сметка на ученикот (доколку има) или на еден од родителите/старателите;

- Потврда дека е редовен ученик во учебната 2024/2025 година (оригинал);

- Копии од дипломи за освоени награди и признанија во изминатата 2023/2024 година;

- Изјава потпишана од родител/старател дека доставените документи се вистинити и дека ученикот не е корисник на друга стипендија или кредит од друга институција или фирма;

- Изјава потпишана од родител-старател за обработка на личните податоци на кандидатот.

Изјавите се објавени на интернет страната www.ohrid.gov.mk или можат да се подигнат во пријавницата на Општина Охрид.

**2. Стипендии за ученици кои живеат во потешки социјални услови**

**Член 4**

Право на стипендија имаат учениците кои се:

- жители на општина Охрид;

- редовни ученици во основните училишта во општина Охрид (од VI, VII, VIII и IX одделение);

**-**Остварен одличен успех на учениците во текот на школувањето (просек 4.5 – 5.0);

- не се корисници на стипендија или кредит од други институции или компании (не се мисли на користење на финансика поддршка од Владата) .

За доделување стипендиите се утврдуваат следните критериуми:

1. **Остварен одличен успех на учениците во текот на школувањето** (просек 4.5 – 5.0).

   По овој основ може да се добијат намногу 20 бода. За секој нареден просек помал од претходниот,се одзема 1 бод.

2. **Материјални можности на ученикот и неговото семејство** – да живеат во потешки социјални услови (со вкупни примања во семејството во износ од максимум две минимални плати) **-** (ученици кои потекнуваат од семејства каде има невработени родители, од семејства кои се социјални случаи – приматели на еднократна или постојана парична помош)

   По овој основ на примања во семејството може да се добијат:

   60 бода за семејства без примања; за месечни примања до 17.000,00 ден. – 50 бода; од 17.001,00 ден. до 22.000,00 ден. - 40 бода; од 22.001,00 ден. до 27.000,00 ден. – 20 бода; од 27.001 ден. до 40.350,00 ден. – 5 бода и над 40.350,00 ден. – 0 бода.

**3** .Дете на **самохран родител/старател** или без родители;

По овој основ може да се добијат 10 бода.

**4**. Ученик од семејство каде има лице со **физичка,психичка попреченост** или ретки болести;

По овој основ може да се добијат 10 бода

**Начин на пријавување**

Учениците кои се пријавуваат на конкурсот, треба да го пополнат потребниот образец за пријава поставен на интернет страната www.ohrid.gov.mk или да го подигнат во пријавницата на Општина Охрид.

Во прилиг на пријавата, потребно е да се достават следните документи:

- Извод на родени на ученикот (копија);

- Копија од трансакциска сметка на ученикот (доколку има) или на еден од родителите/старателите;

- Потврда дека е редовен ученик во учебната 2024/2025 година (оригинал);

- Копија од свидетелства за остварен успех (просек од 4.5 – 5.0): за изминатите години од VI до VIII одделение, а ученици кои се запишани во VI одделение во учебната 2024-2025 година да достават копија од свидетелства од I до V одделение;

- Потврда за висината на примањата (Годишна пријава) на сите членови на семејството на ученикот, издадена од УЈП;

- Копија од извод на умрени за ученици од самохран родител, Копија од Решение од Суд за развод на брак за ученик од самохран родител;

- Копија од потврда дека семејството е корисник на социјална помош;

- Изјава потпишана од родител/старател дека доставените документи се вистинити и дека ученикот не е корисник на друга стипендија или кредит од друга институција или компанија;

- Изјава потпишана од родител-старател за обработка на личните податоци на кандидатот.

Изјавите се објавени на интернет страната www.ohrid.gov.mk или можат да се подигнат во пријавницата на Општина Охрид.

**Член 5**

**II. Постапка за доделување на стипендии**

**Член 6**

Стипендии се доделуваат врз основа на распишан Конкурс.

Конкурсот го распишува Градоначалникот на општина Охрид.

Конкурсот се објавува на огласна табла во општината и на ВЕБ страната на општината.

Конкурсот трае 20 дена од денот на објавување.

**Член 7**

Пријавите со потребните документи учениците треба да ги достават лично во Архивата на Општина Охрид или по пошта, во затворен коверт на адреса: **Општина Охрид ул.„Димитар Влахов“ бр.57 – Охрид** со назнака **„За Комисија за спроведување на Конкурсот за доделување стипендии на ученици од основните училишта во општина Охрид“.**

**Член 8**

Доставените пријави по Конкурсот за доделување на стипендии, ги разгледува стручна Комисија која ја формира Градоначалникот на општина Охрид во состав од 8 (осум) члена од кои: 7 (седум) члена од редот на вработените во Општината и 1 (еден) член од Советот на општина Охрид.

Еден од членовите на стручната комисија се именува за претседател.

Мандатот на членовите на Комисијата е 1 (една) година со можност за повторно именување.

**Член 9**

Комисијата за доделување на стипендии работи во полн состав.

Комисијата за доделување на стипендии некомплетните и ненавремено доставени пријави не ги разгледува.

Комисијата за својата работа води записник.

Комисијата од пристигнатите пријави утврдува ранг листа и му ја доставува на Градоначалникот на разгледување и одлучување.

Градоначалникот врз основа на доставената ранг листа, донесува решение за доделување стипендии на ученици од основните училишта од Општина Охрид.

Ранг листата со избраните кандидати ќе биде објавена на интернет страницата www.ohrid.gov.mk

Против одлуката на Градоначалникот може да се поднесе приговор во рок од 5 (пет) дена од денот на објавувањето за извршениот избор.

Приговор се поднесува до Градоначалникот на општина Охрид.

**Член 10**

Со секој ученик на кој му е доделена стипендија ќе биде склучен посебен Договор, во кој подетално ќе се уредат правата и обврските на двете страни.

**Член 11**

На ученикот кој ќе даде лажни податоци поврзани со остварувањето на правото на стипендија, ќе му биде раскинат Договорот за користење на стипендијата, а исплатените средства е должен да ги врати на Општината.

На ученикот ќе му биде раскинат Договорот за користење на стипендија и во случаи на недолично однесување во средината (противзаконски дејствија и нарушување на јавниот ред и мир).

**Член 12**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Општина Охрид
Градоначалник

Кирил Пецаков